**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 03-122
15-04- **2022 година**
**Скопје**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), а во врска со член 101 од истиот Закон, точка 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-6039/1 од 20.10.2015 г., Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-1161/1 од 23.03.2022 г. и Заклучокот арх.бр.02-1682/8 од 15.04.2022 г., Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 15-та седница одржана на 15.04.2022 г. согласно, го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка – јавна опомена**

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво (ТРД) КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, заради извршена повреда на член 101 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ), на начин што во рамките на својот телевизиски програмски сервис, на 21-ви, 22-ри и 23-ти февруари 2022 г., емитувани се телешопинг спотови за додатокот во исхрана „Бронхо протект" („Broncho protect"), производ на операторот со храна „Натура терапи" („Natura therapy"), во кој и визуелно и тонски се појавува и Билјана Дебарлиева, редовна презентерка на вести на ТРД Канал 5 ДООЕЛ Скопје.

Повредата од став 1 од оваа точка, спецversion ифицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-1161/1 од 23.03.2022 г., кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова Решение да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата).

**Образложение**

Агенцијата врз основа на член 28 од ЗАВМУ е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата презема мерка - решение за јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од ЗАВМУ и подзаконските акти донесени врз основа на истиот, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Согласно член 101 од ЗАВМУ, во рекламите и телешопингот не смеат да бидат прикажувани, визуелно или тонски, лицата кои редовно презентираат вести и актуелни информативни емисии.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата преку Секторот за програмски работи, на 22-ри март 2022 г., изврши вонреден програмски надзор (мониторинг) врз телевизискиот програмски сервис на ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, емитуван на 21-ви, 22-ри и 23-ти февруари 2022 г., на државно ниво, при што констатираше прекршување на член 101 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Вонредниот надзор беше реализиран по известувања од Агенцијата за храна и ветеринарство

(АХВ) за незаконски аудиовизуелни комерцијални комуникации за додатоци во исхрана, а во рамки на Меморандумот за соработка меѓу АВМУ и АХВ, склучен на 14.04.2021 г.

Прекршувањето е направено на 21-ви, 22-ри и 23-ти февруари 2022 г., со емитување телешопинг спот за додатокот во исхрана „Бронхо протект" („Broncho protect"), производ на операторот со храна „Натура терапи" („Natura therapy"), во кој и визуелно и тонски се појавува и Билјана Дебарлиева, редовна презентерка на вести на ТРД Канал 5 ДООЕЛ Скопје.

Повредата од точка 1 од ова Решение, спецификирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-1161/1 од 23.03.2022 г., кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата на 24.03.2022 г., испрати Допис Уп1 бр.10-1161/2 од 24.03.2022 г., со кој му го достави Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-1161/1 од 23.03.2022 г., со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од ЗАВМУ.

Во предвидениот рок, ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје не се изјасни за стореното прекршување на одредбите од Законот. Советот на Агенцијата на седницата одржана на 15.04.2022 г., го разгледа предметниот Писмен извештај и заклучи на ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, а во врска со член 101 од истиот Закон, точка 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка, Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-1161/1 од 23.03.2022 г. и Заклучокот арх.бр.02-1682/8 од 15.04.2022 г., поради констатирано непочитување на одредбите од ЗАВМУ, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата на седницата одржана на 15.04.2022 г., донесе Решение со кое јавно се опоменува ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје и му се наложува, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Решението, да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 од ЗАВМУ, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-1161/1 од 23.03.2022 година.

**Доставено до:**
- ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје;
-Управителот на ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје;
-Одговорното лице на програмата во ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје;
-Секторот за правни работи и јавни набавки;
-Секторот за програмски работи; и
-Назначените лица во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 23.03.2022 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. ед. / Njësia org. | Број / Numër | Прилог / Shtesë | Вредност / Vlerë |
| 10 | 1161 | 1 | |

До: д-р Зоран Трајчевски, директор
на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на членот 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20 и 77/21), се доставува:

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Вонреден, по известувања од Агенцијата за храна и ветеринарство (АХВ) за незаконски аудиовизуелни комерцијални комуникации за додатоци во исхрана, а во рамки на Меморандумот за соработка меѓу АВМУ и АХВ, склучен на 14.04.2021 година;
2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје;
3. **Период опфатен со надзорот:** 21, 22 и 23 февруари 2022 година;
4. **Датум на извршување на надзорот:** 22 март 2022 година;
5. **Предмет на надзорот:**
   - **Член 101 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (*забрана за одредени лица да учествуваат во реклами и телешопинг*);
6. **Претходно изречена мерка: /**
7. **Констатации од надзорот:**

Со вонредниот програмски надзор врз програмскиот сервис на ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, емитуван на 21, 22 и на 23 февруари 2022 година, на државно ниво, **констатирано е прекршување на членот 101 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Во рекламите и телешопингот не смеат да бидат прикажувани, визуелно или тонски, лицата кои редовно презентираат вести и актуелни информативни емисии).

Прекршувањето е направено со емитување телешопинг спот за додатокот во исхрана „Бронхо протект" („Broncho protect"), производ на операторот со храна „Натура терапи" („Natura therapy"), во кој и визуелно и тонски се појавува и Билјана Дебарлиева, редовна презентерка на вести на ТРД Канал 5 ДООЕЛ Скопје.

| **Вид аудиовизуелна комерцијална комуникација** | **Датум** | **Период на емитување** | |
|---|---|---|---|
| | | **Почеток** | **Крај** |
| | 21 фев. | 08:49:12 | 08:53:31 |
| | Broncho protect | 10:52:53 | 10:57:11 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Телешопинг спот за „Бронхо протект" („Broncho protect"), додаток на исхраната произведен од операторот со храна „Натура терапи" („Natura therapy"). | | 12:43:59 | 12:48:17 |
| | 22 фев.<br>Broncho protect | 08:50:12<br>10:53:10<br>12:41:13 | 08:54:31<br>10:57:29<br>12:45:31 |
| | 23 фев.<br>Broncho protect | 08:50:34<br>10:54:06<br>12:44:58 | 08:54:54<br>10:58:25<br>12:49:17 |

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на членот 101 од Законот** за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на телевизискиот програмски сервис на ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, на 21, 22 и на 23 февруари 2022 година, **емитувани се телешопинг спотови за додатокот во исхрана „Бронхо протект" („Broncho protect"), производ на операторот со храна „Натура терапи" („Natura therapy"), во кој и визуелно и тонски се појавува и Билјана Дебарлиева, редовна презентерка на вести на ТРД Канал 5 ДООЕЛ Скопје.**

9. **Предлог мерка: /**

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, и согласно со точката 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи – во рок од 15 (петнаесет) дена по приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги;
- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***